394.2:316.323.72(497.2)

**Петко Ст. Петков (Бугарија)**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Велико Трново**
**Е-маил: drpstpetkov@gmail.com**

# ИСТОРИСКОТО ПАМЕТЕЊЕ И ДРЖАВНИТЕ ПРАЗНИЦИ ВО БУГАРИЈА ВО ВРЕМЕТО НА СОЦИЈАЛИЗМОТ[1]

**Апстракт:** Во овој извештај се разгледува развојот на календарот на државните празници во Бугарија, особено во времето на државниот социјализам. Анализата покажува дека воените победи не се главен мотив при изборот на официјалните денови за паметење. Дури и бугарските воени достигнувања немаат посебно место во формирањето на официјалните државни празници на нова Бугарија. Календарот на прослави не ги опфаќа победите на Бугарите во средниот век, а во дваесеттиот век нема нови воени победи. Во периодот на социјализмот, главниот фокус се става на празниците 1 Мај (меѓународниот ден на трудот) и 9 Септември (1944), прогласен за „Ден на слободата“ во 1945 година. Како и сите други настани во животот на народната република, празникот се користи само за функционална цел – да обедини, да се нагласи обединувањето, да се реафирмира лојалноста кон владејачката партија и кон новата идеологија, да се покаже сигурност во неизбежното доаѓање на просперитетот и „светлата иднина“ – комунизмот. Особено внимание се посветува на поткрепувањето на тврдењето дека Трети март е наметнат како државен празник од комунистичката власт на почетокот на деведесеттите години од XX век. Тој не е толку погоден за оваа улога како што е себугарскиот празник 24 Мај. Тоа е така бидејќи државните празници, вклучувајќи го и единствениот национален празник досега (3 Март), секогаш биле определувани со политичка одлука – до 1944 година од страна на монархот, Народното собрание и од посебно овластено министерство, а по 1944 година, главно од Советот на министрите или од Државниот совет, а ретко од Народното собрание.

**Клучни зборови:** бугарска држава, државни празници, државен социјализам, 1 Мај, 9 Септември, национален празник, Трети март, Дваесет и четврти мај.

1 Овој текст е дел од предавањето на проф. Петко Ст. Петков, презентирано пред учесниците на Пролетната школа „Етнологијата на социјализмот“ – 2018, организирана од Институтот за етнологија и антропологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Сè до создавањето на третата бугарска држава, која е последица на војна и на мировен договор (Petkov 2015), бугарското општество главно има традиционални и црковни празници. Државен празник што се здоби со широка популарност е денот на светите браќа Кирил и Методиј, 11 Мај (празнуван од 1851 година), како и деновите поврзани со воспоставувањето на Бугарската егзархија.

Во 1900 година е усвоен првиот Закон за државни празници на Кнежеството, одобрен, согласно со Уставот, со декрет на кнезот од 31.1.1900 година. Во тоа време сè уште нема официјална дефиниција за празник, и автоматски се претпоставувало дека е неработен ден. Календарот на празници го опфаќа и 19 Февруари како ден на „ослободувањето на Бугарија“, 11 Мај како ден на чествување на св. Кирил и Методиј, како и деновите поврзани со личноста на кнезот Фердинанд. За прв пат, датумот 6 Септември е вклучен како ден за прославување на обединувањето на Северна и Јужна Бугарија[2]. Текстот на новиот закон покажува дека не е прифатен предлогот на повеќе пратеници за прогласување на 20 април 1876 година (денот на избувнувањето на Априлското востание), 11 август 1877 година (одбраната на Шипка и Св. Никола) и 8 ноември 1885 година (денот на победата над Србија) за празници.

Со Декретот бр. 4 од 7 февруари 1911 година, монархот го прогласи Законот за празници, усвоен од Народното собрание, кој е во примена пред и по 1944 година. За прв пат со овој текст се прави обид за дефинирање на концептот на празник, иако премногу кусо и неуспешно. Согласно со членот 1 од овој закон: „Празници во Бугарија се сите недели, како и следните господови, свети и државни денови“ (по што следи листа на празници). Во членот 9 се наведува дека „божји празници“ се првиот ден од раѓањето на Исус Христос, првиот ден на воскреснувањето на Исус Христос, првиот ден од успението, првиот ден од „соединувањето со Светиот Дух“. Свети денови се денот на Нова година (1 Јануари) и Св. Кирил и Методиј (11 Мај). За „официјални денови“ се прогласени 19 Февруари („Ослободувањето на Бугарија“), 2 Август („стапување на царот на бугарскиот трон“) и 22 Септември. Последниот датум – денот на прогласувањето на независноста – беше прв пат вклучен во календарот на празници[3].

Во 1916 година во Бугарија официјално е воведен грегоријанскиот календар. Во членот 5 од царскиот декрет издаден за таа цел се вели: „Ќе се празнуваат следните национални и државни празници, како и оние на царскиот двор: а) роденденот на неговото царско височество, престолонаследникот – 30 Јануари, б) именденот на нејзиното височество, царицата – 21 Февруари, в) роденденот на неговото височество, царот – 27 Февруари, г) стапувањето на тронот на неговото височество, царот – 14 Февруари и д) денот на победата – 27 Ноември“. Со следниот член 6 се задолжува Советот на министрите да донесе правилник, кој, откако ќе се одобри со царски декрет, „детално ќе ја објасни примената на овој закон“[4]. Денот на победата за прв пат е воведен во календарот на празници. Овој комеморативен ден првично бил поврзан со поменот во чест на паднатите

2 Државен весник, № 35, 16.2.1900.

3 Државен весник, № 36, 17.2.1911.

4 Државен весник, № 65, 21.3.1916.

во Српско - бугарската војна во 1885 година, со додавање на сè повеќе секуларни елементи – присуството на принцот, паради, говори, состаноци. Повеќе години, религиозната манифестација се претворала во државен празник, и поради тоа датумот на празнувањето е поместен од 7 ноември (крајот на борбите кај Сливница и Драгоман) на 15 ноември (денот на победата во војната).

До војните во периодот 1912 – 1918 година, деновите за одбележување на војните и на мировните договори не преовладувале во официјалните прослави на бугарската држава. Поради тоа, уште во 1880 година, во календарот постепено влегувале деновите на прослава на царското семејство – родендените и имендените на принцот и престолонаследникот, стапувањето на тронот, роденденот на принцезата. Показател за доминантно монархистичкиот дух во системот на празнувања на младата бугарска држава е тоа што дури и воените победи на бугарската армија во Српско - бугарската војна од 1885 година не се опфатени со официјалниот список на празници. Празнувањето на Орденот за храброст на денот на св. Ѓорѓи (до 1916 година, на 23 април), исто така не е опфатено со официјалниот календар како почест за армијата. Во списокот на празници недостасуваат денови како што е избувнувањето на Априлското востание (20 април), херојската одбрана на врвовите Св. Никола и Шипка во август 1877 година, денот на потпишувањето на првиот официјален руско-турски договор на крајот на војната – таканаречените „Основи на мирот" (19 јануари 1878 година) со кои се прогласува дека автономното Кнежество Бугарија ќе биде формирано на сите земји населени со Бугари, но не помалку од териториите определени на Конференцијата на големите сили во Константинопол на крајот на 1876 година (Petkov 2018: 8–19). Наместо тоа, намерно се насочува фокусот кон прелиминарниот договор од Сан Стефано иако со него во Кнежеството Бугарија не влегуваат некои територии веќе признаени како такви од султанот и од големите сили. Тоа е така бидејќи денот на потпишувањето на Санстефанскиот договор е намерно избран од Н. П. Игнатиев да се поклопи со датумот на кој рускиот цар Александар II, кој е прогласен за „ослободител на Бугарија", стапил на тронот. И иако овој дел од празникот 19 Февруари – „стапувањето на тронот на Александар II" – на крајот ќе исчезне, овој меморијален ден останува во календарот на празници како симбол на ослободувањето на Бугарија иако за тоа нема сериозен основ, туку доследни, систематски и крајно продуктивни сугестии.

По војните од втората деценија на дваесеттиот век и понатаму се применуваше Законот за празници од 1911 година, но поединечни органи требаше подетално да дефинираат одредени државни празници (Paev 2012: 129–130). Со тоа, се појавува еден од најпрославуваните празници во прославата на мирната духовна работа – Денот на националните просветители. Иницијативата за овој спомен-ден е на министерот за национално образование во кабинетот на бугарската земјоделска унија, Стојан Омарчевски. На 31 октомври 1922 година, донесена е уредба на Советот на министрите со која се прогласува празникот. На 13 декември истата година, Народното собрание ги усвојува измените на Законот за празници и недели, а со Уредбата бр. 32 на царот Борис III од 3 февруари

1923 година се одобрени измените на законот. Согласно со единствениот член, „споменот за заслужните Бугари“ се прославува на 1 Ноември[5].

Иако нема значителни промени во календарот на празници во периодот меѓу двете светски војни, Министерството за надворешни работи и религии, на кое му е доверена координативната функција во оваа конкретна активност, и понатаму ги информира граѓаните преку издавање циркулар во кој се наведуваат празниците за тековната година. На пример, во циркуларот на Министерството за надворешни работи и конфесии бр. 1429-70-В од 9 февруари 1933 година, празниците во 1933 година се главно наведените во законот од 1911 година со мали измени: 3 Октомври – денот на стапувањето на тронот на царот Борис III е дополнет со „независноста на Бугарија“. Веројатно прв, но не и последен пат до дваесеттиот век, државната влада ја има прекршено хронологијата на календарот за конкретна потреба – во овој случај, празнувањето на независноста, кое по новиот календар паѓа на 5 октомври, е поместено два дена порано за да се поклопи со друг важен ден за монархот. Оригиналниот текст на законот, со кој во 1922 година се воведува празникот на „почитуваните Бугари“ на 1 Ноември, со текот на времето е променет во празник на „народните будители“, забележан во наведениот циркулар на Министерството за надворешни работи и конфесии[6]. Измените и дополненијата на календарот на празници (за 3 Октомври и 1 Ноември) се задржуваат во претстојните години[7].

Во официјалните документи за различни години недоследно и различно е опишано празнувањето на 6 Мај – Ѓурѓовден. За 1932, 1933 и 1936 година тој ден е споменат во соодветните циркулари на Министерството за надворешни работи и конфесии само како „Свети Ѓорѓи Победоносец (Ѓурѓовден)“[8] (Calendar for 1936). Прв пат во календарот за 1935 година, за 6 Мај освен „Маченикот Ѓорѓи Победоносец“ се додава и „Празникот на орденот за храброст и победа“[9]. За 1937 година, 6 Мај во циркуларот е обележан како „Св. Ѓорѓи Победоносец“ (ден на храброста), за 1938 година како „Св. Ѓорѓи Победоносец“ (ден на храброста и победата), а исто така е наведен и во циркуларот за празниците за 1939 година. Без оглед на овие формални разлики, точно во триесеттите и на почетокот од четириесеттите години од XX век, 6 Мај станува ден за одбележување на Орденот за храброст и на бугарската армија[10] (Calendar for 1941).

По трансформациите во бугарското општество во средината на четириесеттите години од XX век, се прават промени и во системот на празници во земјата. На 25 април 1945 година, Советот на министрите усвоил уредба – закон со кој го прогласува 1 Мај за национален празник на трудот. Во единствениот став на уредбата се вели дека 1 Мај се легализира како национален празник на трудот – умствен и физички, и тој треба да се празнува во градовите и селата низ земјата. Оваа задача му е доделена на

5 Државен весник, № 267, 28.2.1923.

6 Државен весник, № 257, 15.2.1933.

7 Државен весник, № 267, 27.2.1934; № 6, 10.1.1935.

8 Државен весник, № 257, 15.2.1933; № 271, 2.12.1935.

9 Државен весник, № 6, 10.1.1935.

10 Државен весник, № 286, 16.12.1936.

министерот за социјална политика[11]. Помалку од една година по следниот државен удар во 1944 година, со Уредбата бр. 6 на Советот на министрите од 31 август 1945 година, 9 Септември е прогласен за „ден на слободата, државен празник и неработен ден за сите канцеларии, објекти и институции и лица“[12].

Традицијата на дефинирањето на празниците на годишна основа продолжува и во педесеттите години од XX век со воведување на неколку нови празници. Со Уредбата бр. 26 на Советот на министрите од 12 јануари 1951 година се определуваат следните неработни денови во текот на годината: 1 Јануари – Нова година, 1 и 2 Мај – ден на трудот, 24 Мај – Кирил и Методиј, 9 и 10 Септември – ден на слободата, 7 Ноември – годишнината од ГОСР (Големата октомвриска социјалистичка револуција во Русија), 5 Декември – ден на уставот на Димитров[13]. Бришењето на многу од старите празници и присуството на нови се евидентни. Замената на монархијата со република во 1946 година доведе до елиминација на сите празници поврзани со монархијата. Со воведувањето на тоталитарниот режим и на новата комунистичка идеологија, религиозните празници се отстранети од официјалниот календар на земјата, како и имињата на објекти поврзани со христијанството и со монархијата. Во 1951 година, со Декретот бр. 557 на Президиумот на Народното собрание од 17 ноември 1951 година, тогашните власти го преименуваат познатиот врв на Стара Планина Св. Никола во Столетов Врв[14]. Како што може да се види од текстот на декретот, со истиот државен акт се променети и имињата на други места (главно населби) со религиски или монархиски асоцијации: селото Черковина кај Трговиште е преименувано во Дабрава; селото Књажево во Тервелско – Средиште; селото Попово кај Нова Загора во Каменово; селото Калуѓерово кај Нова Загора во Графитово; селото Владиково кај Асеновград во Студенец; селото Господарево кај Грудово во Светлина[15] (Петков 2018а: 7, 34).

Пораките на новите власти во текот на официјалните „прослави на празниците“ се дел од пропагандниот механизам што примарно има цел мобилизирање на луѓето за повеќе напори. Како и сите други настани во животот на народната република, празниците се користат за чисто функционална цел – да обединат, да го нагласат единството, да ја реафирмираат лојалноста кон владејачката партија и кон новата идеологија, да покажат доверба во неизбежното доаѓање на напредокот и на „светлата иднина“ – комунизмот (Иванова 2011).

Во истата 1951 година е усвоен и Законот за работните односи. Во членот 52 од поглавјето III. Работно време и празници не се наведуваат конкретни и постојани празници, и тоа право ѝ се доверува на Владата[16]. Со Декретот бр. 31 од 17 јануари 1953 година, Советот на министрите ги задржува новите празници, се воведуваат ограничувања на прославата на најстариот државен празник, 24 Мај, дефиниран како (буквален цитат):

11 Државен весник, № 102, 3.5.1945.

12 Државен весник, № 208, 7.9.1945.

13 Објави на Президиумот на Народното собрание, № 9, 30.1.1951.

14 Државен весник, № 94, 23.11.1951.

15 Централен државен архив (ЦДА), f. 117, desc. 2c, a.u. 62, 104–105.

16 Објава на Президиумот на Народното собрание, № 91, 13.11.1951.

„Кирил и Методиј – денот на словенската писменост; неработен ден само за вработените и учениците и студентите од сите образовни и културни установи“[17]. На тој начин, новата комунистичка власт на почетокот на педесеттите години се обидува да ја прекрши традицијата 24 Мај да биде славен како државен празник како порано, како ден на бугарската писменост, образование и култура и како спомен-ден на „словенската писменост“. Со големата граматичка грешка во пишувањето на св. Методиј во официјалниот документ, иницијаторите на намалувањето на значењето на овој празник станале уште посамопонижени. Ограничувањето на себугарското прославување на 24 Мај секако не профункционира, и најстариот државен празник и понатаму е почитуван и славен од целокупното бугарско население.

Со декрет усвоен на 15 октомври 1956 година, Советот на министрите смета дека е соодветно да се напушти практиката на дефинирање на неработните денови секоја година и да одобри постојана листа на празници што ќе се применува следните години. Освен новите државни празници од 1944 година, направени се и некои измени и дополненија: 5 Декември – денот на уставот на Димитров станува државен празник од следната 1957 година, 24 Мај веќе е државен празник, не само за вработените во образовните и културните установи и за учениците и студентите. Се промени и називот на овој спомен-ден – наместо „Кирил и Методиј“ сега се вика „ден на бугарското народно образование и култура и на словенската писменост“[18]. Следната година оваа дефиниција е дополнета, и 24 Мај стана „ден на бугарското народно образование и култура, на словенската писменост и на бугарскиот печат“[19]. Недвосмислено, новата политичка линија на владејачката партија по априлскиот пленум на Бугарската комунистичка партија во 1956 година го зема предвид негативното влијание врз општеството и врз практичното неисполнување на ограничувањето на овој бугарски празник, воведено во педесеттите години од XX век.

Во 1971 година е усвоен нов устав, направени се промени во системот на владеење и во системот на празници. На 12 април 1978 година, Државниот совет ги усвојува „Основните насоки за развој и подобрување на системот на празници и на ритуали во Народна Република Бугарија“[20]. Одлуката се состои од четири главни дела: 1) Општи одредби; 2) Содржина, видови и форми на системот на празнични ритуали; 3) Материјална и техничка основа и 4) Управувањето со системот на празнични ритуали. Според усвоените „Насоки“, празниците и ритуалите треба да се користат како средства за обезбедување единство помеѓу личните и општествените почетоци за да се зајакнат врските помеѓу генерациите, да се „обединат прогресивните традиции со социјалистичката сегашност и со комунистичката иднина“. Во документот празниците се делат на две групи: национални и меѓународни. Првата ги вклучува: 9 Септември – ден на слободата и на социјалистичката револуција на Бугарија; 24 Мај – денот на словенската писменост и на бугарското образование и култура; 2 Јуни – денот на паднатите во борбата

17 Објава на Президиумот на Народното собрание, № 7, 23.01.1953.

18 Објава на Президиумот на Народното собрание, № 85, 23.10.1956.

19 Објава на Президиумот на Народното собрание, № 40, 17.05.1957.

20 Државен весник, № 42, 30.5.1978.

против османлиското ропство, капитализмот, фашизмот и во патриотската војна; 3 Март – ден на ослободувањето од османлискиот јарем; Нова година. Меѓународни празници се: 7 Ноември – ден на Големата октомвриска социјалистичка револуција; 1 Мај – меѓународната солидарност со работниците од целиот свет; 9 Мај – ден на победата над фашизмот; 8 Март – меѓународен ден на жената. На овие празници треба да се одбележат разни работни постигнувања. Новото решение донекаде се разликува од веќе востановените празници. Трети март сѐ уште не е државен празник како неработен ден, но се прославува со разни манифестации надвор или во текот на работното време. Истото се однесува и на 7 Ноември, 9 Мај и 8 Март. Главната цел на одлуката е поврзана со афирмацијата на официјалната идеологија и нејзината пропаганда преку празниците, а не поврзување со трудовиот процес. Како јавни државни органи се основани национални, обласни и општински комисии за социјалистичките празници. Националната комисија е поврзана со тогашната Комисија за култура и со обласните и општинските комисии – со извршни комисии на обласните и општинските народни совети[21]. Ритуални куќи се формирани во општинските народни совети. БАС е задолжена за изготвување на календарот на државни празници и, согласно со него, календар на населба за пример. Овие иновации оставаат трајни траги во системот на бугарските празнични ритуали, кои функционираат во оваа форма до крајот на осумдесеттите години од XX век.

Во новиот Закон за работните односи, усвоен во 1986 година, за разлика од претходниот од 1951, во делот III. Празници (член 154, став 1) се дефинираат редовните државни празници: 1 Јануари, 1 и 2 Мај, 24 Мај, 9 и 10 Септември. Во вториот став од истиот член 154, на член на Советот на министрите му се дава право еднократно да прогласува други денови за државни празници за да се слават одредени професии заради проповедање и спојување викенди во текот на годината[22]. Во овие години има повеќе професионални празници, повеќето од нив поврзани со стари религиозни и државни празници: Бабинден (21 Јануари) – ден на мајчинската грижа, на акушерите и на гинеколозите; Ѓурѓовден – и покрај фактот дека Бугарската православна црква и понатаму го слави на 23 април, од 1977 година насилно е „споен“ со денот на овчарот на 6 Мај (Темелски 2006) за да се избрише меморијата на „царското време“ како прослава на армијата. Се создаваат и нови професионални празници. На пример, по повод отворањето на првите објекти на новоизградената железарница Кремковци од страна на Тодор Живков на 5 ноември 1963 година, овој ден е прогласен за официјален празник на металургијата.

Во 1988 година, со Декретот бр. 27 на Државниот совет, повторно е изменет ставот 1 од членот 154 од Законот за работните односи. Трети март е додаден во државните празници, прогласен за „Ден на ослободувањето на Бугарија од турското ропство“[23]. Промената е поврзана со развојот на таканаречениот „процес на оживување“ во Бугарија во периодот 1988 – 1989 (Раеv 2012: 134–135), но има и подлабоки идеолошки корени.

21 Државен весник, № 42, 30.5.1978.

22 Државен весник, № 26, 1.4.1986.

23 Државен весник, № 6, 22.1.1988.

На тој начин властите истовремено го изразуваат својот негативен став кон османлиското владеење со бугарските земји, но и експлицитно ја изразуваат својата официјална благодарност кон Русија како „ослободител“ на Бугарите од странскиот јарем. Ограничениот национализам, пропагиран во седумдесеттите години од XX век (повеќе етнички мистицизам – Воденичаров 2004), заедно со постојано реафирмираната улога на Русија (СССР) како повеќекратен ослободител, го достигна врвот кон крајот на осумдесеттите години од XX век, а апотеозата се манифестираше на почетокот на деведесеттите. Само две години по вклучувањето во листата на државни празници, со Декретот бр. 236 на 27 февруари 1990 година, Државниот совет на Народна Република Бугарија, без никаква јавна расправа, одлучи, во сè уште важечкиот Устав од 1971 година, да го воведе Трети март како државен празник[24]. Овој акт е само една од фактичките потврди дека поимот за 10 ноември 1989 година како меѓник во најновата историја на Бугарија, наметнат во последните три децении, е преувеличен и недоволно поткрепен, дури и ако тоа е денот кога на Пленарната седница на Централниот комитет на владејачката РП, генералниот секретар на партијата и претседавач на Државниот совет е заменет со друг член на Политбирото чие назначување е претходно договорено со советското водство. На 10 ноември 1989 година, не почнува ниту револуција ниту државен удар, не се промени економскиот систем, ниту пак видот на владеењето. Во следните неколку месеци и понатаму се применува Уставот на Народна Република Бугарија, а БКП и понатаму виртуелно владее со земјата. Контролираните промени што почнаа се доста формални, давајќи впечаток дека власта ја дели моќта со законската опозиција создадена по 10 ноември 1989 година.

Промените во системот на празници на Бугарија по 1989 година не се подредени на ниту една претходно обмислена стратегија или на генерално прифатена национална програма. Во првите години се празнуваат дури и старите (воведени во периодот 1944 – 1989 година), како и обновените (од 1944 до 1944 година) празници чии традиции и идеолошки основи се некомпатибилни. Уште во 1990 година е изменет членот 154 од Законот за работните односи. Со закон донесен на 30 март 1990 година од страна на деветтото народно собрание, под претседателство на Станко Тодоров, во ставот 1 од истиот член 154 како државни празници се додадени 25 Декември – Божик, како и Велигден. Во календарот на празници се задржуваат и 1 Мај како ден на трудот и ден на меѓународната работничка солидарност и 9 Септември и понатаму официјално назначен како „Ден на слободата“, со само еден неработен ден. По одлуката на Националниот совет на Народна Република Бугарија од 27 февруари 1990 година за определување државен празник преку Закон за измени и дополнувања на Законот за работните односи, 3 Март е внесен во календарот на празници како „Ден на ослободувањето на Бугарија од османлискиот јарем – национален ден“[25]. Обновеното прославување на раѓањето и на воскреснувањето на Исус Христос и задржувањето на празникот на „слободата“ на 9 Септември, како

24 Државен весник, № 18, 2.3.1990.

25 Државен весник, № 30, 13.4.1990.

и додавањето (односно наметнувањето) на Трети март како национален празник, јасно го покажува отсуството на политичка волја кај тогашната власт одлучно да ги раскине врските со тоталитарното минато и да ги постави традиционалните потреби на надворешната политика и системот на празници врз нови основи. И реакцијата на јавноста на оваа идеолошка смеса на државни празници не е доволно силна за да влијае врз побрзо и поамбициозно уредување на календарот на празници. Обидите да се образложи дека Трети март не е соодветен да биде национален празник и дека 24 Мај може посоодветно да ја игра оваа улога се поединечни и без широк одговор на јавноста во тогашното бугарско општество (Petkov 1997: 23).

Во следните години, до крајот на дваесеттиот век се направени нови промени – додадени се нови празници, некои од старите се укинати, а некои нови се заменети со други. Во пролетта 1991 година, додадени се два свети дена во врска со големиот христијански празник Велигден – недела и понеделник[26]. Со Декретот бр. 100 на Советот на министрите од 30 мај 1991 година, владата на Димитар Попов го укина Декретот бр. 129 од 1953 година со кој се определува празникот на бугарската армија на 23 Август – почетокот на септемврискoто востание во 1923 година – и го определува 23 Август за ден на бугарската армија во чест на епските битки на 11/23 август 1877 година на врвовите Шипка и Св. Никола во текот на војната за ослободување[27]. На крајот на 1991 година е донесен нов Закон за измени и дополнувања на Законот за работните односи во чиј член 154, став 1, е направена уште една измена: 9 Септември е отстранет како државен празник, а за неработни се прогласени 24 Декември по 14 часот, 25 Декември и 26 Декември[28].

Во последната деценија во Бугарија нема промени во утврдениот календар на државни празници. Согласно со Законот за работните односи (член 154, став 1), „државни празници се: 1 Јануари – Нова година; 3 Март – ден на ослободувањето на Бугарија од османлискиот јарем – национален празник; 1 Мај – ден на трудот и на меѓународната работничка солидарност; 6 Мај – Ѓурѓовден, ден на храброста и на бугарската армија; 24 Мај – ден на бугарското просветителство и култура и на словенската писменост; 6 Септември – ден на обединувањето; 22 Септември – ден на независноста на Бугарија; 1 Ноември – ден на националното будење – неработен за сите училишта; 24 Декември – Бадник; 25 и 26 Декември – Божик; Велипеток, Велјасабота и Велигден – недела и понеделник, кои се определуваат за секоја година“[29] (Labour Code 2011: 74–75).

Со исклучок на некои одделни изданија, во научната литература нема посебен интерес за целно организирана дискусија за формирањето систем

26 Државен весник, № 27, 05.4.1991.

27 Државен весник, № 47, 14.6.1991.

28 Државен весник, № 104, 17.12.1991.

29 Народно събрание на Република България. Български официални празници. – https://www.parliament.bg/bg/24 (23.8.2018).

на државни и национални празници водено од бугарските национални интереси (Петков 2005). Поради тоа не секогаш е јасно кои вредности и национални постигнувања ги чествуваме со празнувањето на наведените денови. Тешко е со сигурност да се каже дека сите тие се „национални“, односно бугарски. Меѓутоа, долго се тврди дека повеќе важни историски датуми и настани и понатаму остануваат надвор од листата на декларирани „државни“ празници. Такви се, на пример, 27 февруари – основањето на Бугарската егзархија во 1870 година – првата правно признаена себугарска институција, разумно дефинирана во научната литература како бугарска протодржава, 16 април – усвојувањето на првиот бугарски устав во Трново во 1879 година, 17 април – изборот на првиот бугарски кнез по обновувањето на бугарската држава во 1879 година, 20 април – избувнувањето на најголемото и најуспешното бугарско востание за ослободување од османлискиот јарем во 1876, како и многу други. Некои од државните празници се вклучени во календарот со датумите од стариот календар (6 Септември, 22 Септември), а други – согласно со новиот календар воведен во 1916, кој сè уште е во сила (3 Март, 6 Мај, 24 Мај) (Петков 2005). Тоа е така бидејќи државните празници и досега единствениот национален празник (3 Март) отсекогаш биле определувани со политичка одлука – до 1944 година на монархот, Народното собрание и на посебно овластено министерство, а по 1944 година – главно од Советот на министрите или од Државниот совет, а ретко од Народното собрание.

Од гледна точна на рефлексијата на војна и мир, од државните празници можат да се извлечат одредени опсервации и заклучоци. Анализата покажува дека војните и воените победи не се главен мотив при изборот на официјалните денови за празнување. Дури и бугарските воени успеси не добиваат особени почести во формирањето на државните празници. Календарот на празнувања не ги опфаќа ни победите на Бугарите во средниот век. Во календарот на државните празници во разгледуваниот период недостасуваат датумите како 20 април – почетокот на Априлското востание, кое, и покрај воениот пораз, завршува со политички успех и е неоспорен израз на храброст и хероизам. Нема датуми поврзани со големите победи на средновековната бугарска држава, нејзината воена моќ и политичка хегемонија, која предизвикува национална гордост. Нема денови за одбележување на новите бугарски воени победи во Едрене, Лозенград, Дојран, Драва итн. Треба да се забележи дека, дури и во најново време кога има слобода на медиумите и можности за широка јавна расправа, овие денови не се нудат за вклучување во календарот на државни празници, освен 20 април како симболичен ден на ослободувањето, кој се слави по новиот календар и коинцидира со 1 Мај, кој е на листата на државни празници со друго значење (Петков 2005). Само Ѓурѓовден, иако не постојано, го задржува своето место во календарот како ден на бугарската борбена слава и храброст.

На можната забелешка дека Трети март е „прослава на победата“ во

војната помеѓу Русија и Османлиското Царство во 1877 – 1878 година треба да се одговори јасно и емпатично: 1. Трети март не го изразува бугарското учество во ослободувањето, како на пример на 20 април или 11/23 август, и треба да се запамети дека националниот празник и другите државни празници треба да ги отсликуваат генерално прифатените бугарски вредности и бугарските постигнувања, да бидат денови за паметење поврзани со бугарскиот историски придонес; 2. Санстефанскиот договор не е првиот важечки руско - турски договор потпишан за завршување на ослободителната војна. Само еден месец порано, на 19/31 јануари 1878 година во Едрене, официјални претставници на Русија и на Турција ги потпишале „Основите на мирот" пропишувајќи формирање бугарско кнежество на сите земји населени со Бугари, но не помалку од териториите определени на Конференцијата на големите сили одржана во Константинопол во 1876 година (Петков 2018: 8–19); 3. Санстефанскиот прелиминарен договор пропишува надворешна воена окупација на бугарското кнежество и издвојување на веќе признаени бугарски територии од бугарската земја што го прави несоодветен за државен празник (Како жителите на Смолен денес го празнуваат 3 Март, согласно со Санстефанскиот договор? Овој дел од Родопите е оставен во Османлиското Царство).

Определувањето на конкретниот датум за празнување на 19 Февруари/3 Март во третата бугарска држава е индикативно. Овој комеморативен ден е прогласен за државен празник од кнезот Александар I во 1880 година како „ден на стапување на тронот на царот Александар II и на склучувањето на мирот од Сан Стефано". Поради тоа, овој празник, освен како симболичен ден на ослободувањето, отсекогаш имал жива монархистичка содржина, не апстрактна, туку конкретно насочена кон чествувањето на рускиот цар – ослободител (познато е дека Н. П. Игнатиев намерно го одложува потпишувањето на прелиминарниот договор од Сан Стефано за 19.2.1878 година за да се поклопи со годишнината од стапувањето на тронот на неговиот работодавач Александар II). Подоцна, од празникот 19 Февруари, официјално е отстранет делот за стапувањето на тронот на рускиот цар, и долго останува само како „ден на ослободувањето", но тоа не го менува гореспоменатото јасно монархистичко симболичко значење на тој ден преку изразувањето благодарност до рускиот цар. Со еднаква важност, овој спомен-ден е присутен и во Законот за празници од 1911 година и, од воведувањето на грегоријанскиот календар во 1916 година, веќе се празнува на 3 март наместо на 19 февруари. Така, Трети март со дефиницијата „Ден на ослободувањето на Бугарија" останува државен празник до средината на четириесеттите години од XX век кога почна значителна промена на календарот на празници врз идеолошка основа. Во текот на скоро четири децении, до 1988 година, 3 март не беше државен празник во бугарската држава, но тоа не значи дека овој датум и неговата симболичка важност не се воопшто чествувани, туку преголемата идеолошка изложеност и бучната пропаганда на новите празници, како 9 Септември, 1 Мај и 7

Ноември, го ставаат во сенка и го надминуваат трети март. Во 1978 година е направен обид тој нецелосно да се обнови како еден од „празниците од национална важност" и „ден на ослободувањето од османлискиот јарем", но сè до 1988 година не е прогласен за државен празник со друг назив „Ден на ослободувањето на Бугарија од турското ропство" што веројатно претставува емотивен одговор на тогашните болни прашања[30]. Истите комунистички власти што го рехабилитираа тој ден во 1978 и 1988 година го прогласија и за национален празник во 1990 година со неговата прва дефиниција од 1978 година – „ден на ослободувањето на Бугарија од османлискиот јарем". Така е и денес.

Поради тоа, и покрај дезигнацијата со која се прославува Трети март низ годините, овој спомен-ден е скоро секогаш присутен во календарот на прослави на третата бугарска држава, па дури и во време кога не е државен празник, тој не е занемарен и игнориран, како 22 септември – денот на прогласувањето независност на Бугарија. Тоа е главно така поради длабоко вкоренетата сугестија и заблуда дека прелиминарниот договор помеѓу Русија и Османлиското Царство, потпишан на 19 февруари/3 март 1878 година, е вистинскиот крај на Руско-турската војна и почетокот на новата бугарска држава, што не е историски точно, туку е прифатено скоро некритички. Така, во последните три децении Бугарија има национален празник што е недвосмислено важен ден за паметење, но кој има поголема симболичка важност за руската монархија и за царот Александар II, како и за неговата волја и улога во ослободувањето на Бугарија од османлиското владеење, отколку за бугарската борба за ослободување и создавање независна национална држава како идеал на преродбата. Овој државен и национален празник никогаш не бил определен како резултат на јавна расправа, а не пак врз основа на мислењата на компетентни стручњаци. Тој лесно може да се искористи за потпалување националистички и други идеолошки страсти, и јасно е дека со задржувањето на неговата пренагласена важност, размислувањето и јавното говорење за него станува

30 Како вработен во Општинскиот совет за духовен развој во Стара Загора, се сеќавам дека во предвечерјето на 3 март 1988 година со денови ја чекавме одлуката на Општинскиот совет на Бугарската комунистичка партија за тоа кој текст да биде испишан на стотици банери што требаше да се постават на разни места во општината: „110 години од ослободувањето од османлискиот јарем" или „110 години од ослободувањето од турското ропство". Несигурноста доаѓаше од спротивставеното резонирање – во првиот случај, определувањето беше историски поточно и научно сигурно, и тој ден така се викаше од 1978 година; вториот текст само што е ставен во официјална употреба со измените на Законот за работните односи на почетокот од 1988 година. Така, сегашната остра дебата во медиумите и на социјалните мрежи помеѓу поборниците за историски точното „османлиско владеење" и на емоционалното „турско ропство" не се производ на таканареченото „османлиско владеење". „Транзицијата" по 1989 година и изразените стари и нерегулирани (во голем дел дури и свесно стимулирани) внатрешнобугарски контрадикции имаа за цел одржување на постојаната линија на поделба поврзана генерално со значењето на Трети март.

нова, жива линија на поделби во современото бугарско општество, т.е. на ниту еден начин овој спомен-ден не ја исполнува целта што му е доделена – да биде национален празник, односно да биде бугарски ден за собирање и обединување, да ја поттикнува бугарската национална гордост и величина.

Мирот, како состојба во општеството што овозможува развој и слободни комуникации, е многу попочитуван и неизбежно присутен во календарот на државни празници. Мирот се симболизира не само преку традиционалните црковни празници (раѓањето, воскреснувањето на Исус Христос, Богојавление) туку и преку повеќе секуларни празници, како што се 24 Мај и 1 Ноември, иако тие за своја примарна симболика ја имаат црковната – првиот е поврзан со црковното чествување на светите браќа Кирил и Методиј на 11 мај, а вториот е 19 октомври по новиот календар, денот што црквата го има определено за славење на заштитникот на Бугарија – свети Иван Рилски. Дури и во периодот на државниот социјализам во втората половина на дваесеттиот век, војната и мирот се рамномерно присутни како мотивирачки елементи и содржина на календарот на државни празници – 9 Септември, но и 1 Мај; Седми ноември, но и Дваесет и четврти мај!

За жал, и покрај настојувањата на одделни автори да предизвикаат широка јавна и стручно-научна дискусија за формирањето систем на државни и национални празници од гледна точка на бугарските национални интереси, овој проблем останува на дното на тековната агенда на современото бугарско општество. Тоа покажува мал интерес за овој важен аспект на нашиот современ идентитет и култура. И покрај сè послободните комуникации на социјалните мрежи и виртуелно неограничените можности за добивање информации, јавноста не ни сака да верува дека сегашниот национален празник 3 Март е наметнат од комунистичката власт, иако официјално е утврден на 17 февруари 1990 година. (Понекогаш се даваат и лажни тврдења дека овој празник е предложен и воведен од претседателот Жељу Желев.) Со ваквиот општ став на општеството и интерес на политичарите, не е веројатно дека системот на државни празници ќе се формира врз научна основа и во согласност со националните интереси и трајните бугарски вредности. Досега има само обиди за дополнување и единствено уредување на листата на спомен-денови што не недостасуваат во милениумскиот историски развој на Бугарија и на Бугарите.

## Литература

Воденичаров, Петър. 2004. България през 70-те години – национализъм, модернизация, еманципация? (Критически дискурсен анализ на тоталитарните политики на паметта). Електронно издателство LiterNet, Култура и критика. Ч. IV: Идеологията – начин на употреба, https://liternet.bg/publish11/p_vodenicharov/70-te.htm. (12.09.2004).

Иванова, Пенка. 2011. „Посланията на официалните празници в България (1944 – 1956). Комуникативни аспекти“ ('The Messages of the Official Holidays in Bulgaria (1944 – 1956). Communication aspects), *Rhetoric and communication E-journal* 2, http://journal.rhetoric.bg/?p=405

Петков, Петко Ст. 2005. Българските национални празници и българският национален идеал. Електронно списание *LiterNet* 11 (72), http://liternet.bg/publish11/petko_petkov/bylgarskite.htm. (20.11.2018).

Петков, Петко Ст. 2018а. *Книга за върховете „Свети Никола“ и Шипка*. София: Български бестселър

Темелски, Христо. 2006. 'Как се смени датата на Гергьовден', *Двери на православието* 27, https://dveri.bg/component/com_content/Itemid,392/catid,145/id,2170/view,article/(23.08.2018 г.).

Calendar for 1936. Sofia: The Rose Valley Printing House.

Calendar for 1941. Sofia: Court bookstore „Iv. B. Kasarov“.

Labour Code. 2011. Sofia: Labor and Law Publishing House.

Paev, Kostadin. 2012. Legislative regulation of the holiday system in Bulgaria from the 1878 Liberation to the present day. *Festive Jubilee History*: 129–130. Sofia: Vanyo Nedkov Publishing House.

Petkov, Petko St. 1997. The Russo-Turkish War of 1877–1878 and the Bulgarian Question. *Participation* 4.

Petkov, Petko St. 2015. 'The Wars as Chronological Limits in the Modern History of Bulgaria,' *Venets* 6(1): 33–48, http://www.venets.org/getfile.php?id=200. (24.09.2018)

Petkov, Petko St. 2018. '"Bases of Peace" of 19/31 January 1878 – The First Russian-Turkish Agreement on the Establishment of Bulgarian State (or why the Preliminary Treaty of Peace in San Stefano is not the Beginning of New Bulgaria)', *History* 26 (1): 8-19.